# Посебни услови за комбинирано осигурување на станови и ствари во домаќинството

Друштво за осигурување UNIQA а.д. Скопје, ул. Маркс и Енгелс 3, 1000 Скопје, тел. 02 3109 060. факс 02 3215 128, www.uniqa.mk
Овие услови се донесени на редовна седница на Управен одбор одржана на 27.06.2012 година и со одлука бр.011/12 се применуваат од денот на донесувањето.

**Член 1**

**Предмет на осигурување**

Предмет на осигурување по овие Услови се:

**1.** Станбени објекти (станови и индивидуални згради) како градежни објекти со вградената електрична, топловодна, водоводна и канализациона инсталација кои служат за живеење (во натамошен текст: станбени објекти).

**2.** Стварите на домаќинството кои се наоѓаат во осигурениот станбен објект и му служат за користење на осигуреникот или членовите на неговото семејно домаќинство.

**3.** За населен стан се смета стан во кој осигуреникот има постојано живеалиште, а кој не е повеќе од 60 дена ненаселен без прекин во текот на дванаесет месеци.

Во ствари на домаќинството се сметаат:

**а)** стварите кои служат за уредување на станот;

**б)** стварите за лична употреба.

Со ова осигурување се опфатени и:

**а)** готови пари;

**б)** уметнички предмети;

**в)** хартии од вредност;

**г)** скапоцености и збирки.

Готовите пари се осигурени само од опасност од провална кражба и разбојништво за време додека се наоѓаат во заклучени вѕидани сефови, каси и сл.

**4.** Одговорност за штети причинети спрема трети лица.

**5.** Трошоците за нужно сместување на осигуреникот и членовите на неговото семејно домаќинство при тотална штета, односно кога станот е оштетен до степен да не е погоден за живеење.

По овие Услови предмет на осигурување не можат да бидат: составни уреди во зградата (хидрофори вон состав на зграда, бунари, цистерни за вода и сл.) моторни возила, велосипеди со помошен мотор, приколки и сите видови пловни објекти, работни машини, резерви на материјали и стоки кои служат за вршење на занаетчиска и друга дејност, необработени благородни метали и необработени скапоцени камења, животни намирници.

Ствари во постојано ненаселени станбени и други објекти можат да бидат предмет на осигурување по овие услови од ризикот провална кражба и разбојништво ако се договори и плати додатна премија.

Ако посебно се договори и плати додатна премија, се дава осигурителна заштита од провална кражба и разбојништво за викенд куќички.

Станбените објекти можат да се осигураат како деловен простор ако се посебно договори и плати додатна премија.

Ако посебно се договори и плати додатна премија може да се осигураат: сателитски антени, целокупната опрема за индивидуално централно греење со цистерна за гориво (без залиха на гориво), клима уреди и компјутери, ТВ апарати со вредност над 300 ЕУР, музички системи над 325 ЕУР, камери, оружје за кое се поседува уредна дозвола и сл.

**Член 2**

**Осигурени опасности (ризици)**

Осигурувачот е во обврска да надомести штети предизвикани од уништување или оштетување на осигурените објекти и ствари од член 1 на овие Услови и тоа од:

**(1)** Основни опасности (ризици):

- пожар;
- удар на гром;
- експлозија, освен нуклеарна експлозија и радиоактивна контаминација;
- луња;
- град;
- одговорност;
- манифестација и демонстрација;
- паѓање на воздушни летала;
- излевање на вода од водоводни и канализациони инсталации и уреди и цевки за топловодни инсталации;
- провална кражба и разбојништво, освен во ненаселени
- станови и викенд куќи, доколку тоа посебно не е договорено.

Ненаселени станови во смисла на овие услови се станови кои се ненаселени без прекин најмногу 2 месеци во текот на годината.

**(2)** Дополнителни опасности:

Ако посебно се договори и плати додатна премија, осигурувачот е во обврска да исплати надомест и во случај на штета од дополнителни опасности (ризици) и тоа:

- поплава, порој и високи води;
- лизгање и одронување на земјиште;
- снежна лавина;
- кршење стакло.

**Член 3**

**Обем на опасност од пожар**

Како пожар, во смисла на овие Услови, се смета оган настанат вон местото определено за палење и оган кој ова место го напуштил и можел понатаму да се развива со својата сопствена сила.

Не се смета дека настапил пожар и осигурувачот не е во обврска да надомести штета:

**1.** Ако осигурената ствар е уништена поради изложување на корисен оган или топлина заради обработка или во други цели (на пример: при пеглање, сушење, пржење и сл.) или поради паѓање или фрлање во огниште (печка, шпорет и сл.);

**2.** Ако на осигурената ствар настане штета со осмадување, опрлување или со прегорување од цигари, пура, справа за осветление, електричен греач, жар и сл.;

**3.** Ако настане штета на осигурена ствар поради самозапалување, вриење или загревање, варење, димење и сл.

**4.** Ако бидат уништени или оштетени осигурени електрични машини, апарати (вклучувајќи апарати за готвење, пеглање, греење, кревети, радиоапарати, телевизиски приемници, лампи, сијалици и сл.) или електрични водови поради дејство на електрична енергија, пренапон или загревање поради преоптоварување, атмосферско влијание и слични појави поради тоа што таквите штети се сметаат за погонски. Меѓутоа, опфатени се и штети од пожар кој би настанал од дејство на електрична енергија и кој после престанувањето на тоа дејство самостојно се развивал;

**5.** Ако поради пренапон или прејака струја бидат оштетени заштитните осигурувачи било од кој вид, заштитни прекинувачи, одводници, громобрани и слични уреди во вршење на нивната нормална функција.

**Член 4**

**Обем на опасност од удар на гром**

Осигурувањето од опасност од удар на гром, во смисла на овие Услови, ги покрива штетите на осигурените ствари предизвикани од дејство на сила или топлина на гром.

Со осигурувањето не се опфатени штети предизвикани со пренесување на електрична енергија преку водови како последица на удар од гром.

**Член 5**

**Обем на опасност од експлозија**

Како експлозија, во смисла на овие Услови, се смета ненадејно пројавување на сила заснована на тежнение на пареа или гасови за проширување.

Експлозија на садови (казани, цевки, печки и сл.) постои само тогаш кога ѕидовите на садот се во толкава мерка искинати што настанува моментно изедначување на внатрешниот и надворешниот притисок.

Со осигурувањето не се опфатени штетите:

**1.** Што се последица на намалување на притисокот во садот (имплозија);

**2.** На стварите на осигуреникот предизвикани од минирања што се

вршат во рамките на неговата дејност или во рамките на дозволената дејност на трети лица.

**3.** Од експлозија од биолошки карактер;

**4.** Од нуклеарна експлозија;

**5.** Поради експлозивно издувување на печки и слични уреди;

**6.** Од експлозија поради дотраеност, појава на истрошеност или стареење, макар и прерано, или од прекумерна наслага на ,рѓа, каменец, талог, тиња на осигурените ствари, но се исплатува надоместок во случај на штета на други ствари во врска со настанатата експлозија;

**7.** Од експлозија настаната како последица од било какво експлозивно тело, направа или уред (бомба, мина, експлозив, муниција).

**Член 6**

**Обем на опасности од луња**

Како луња, во смисла на овие Услови, се смета ветер со јачина од 17,2 m/s, односно 62 km/h (јачина од 8 степени по Бофоровата скала) или повеќе.

Ќе се смета дека дувал ветер од оваа јачина во крајот каде се наоѓаат осигурените ствари, ако ветерот кршел гранки и стебла или оштетил добро одржувани градежни објекти. Во случај на сомневање осигуреникот мора да ја докаже јачината на ветерот со извештај од Хидрометеоролошката служба.

Штетите од луња се опфатени со осигурувањето само ако се предизвикани механички оштетувања на осигурените предмети:

**1.** Со непосредно дејство на луњата;

**2.** Со директен удар на соборени или носени предмети од луњата;

Со осигурувањето од луња не се опфатени штетите:

**1.** Од навлегување на дожд, град, снег или други наноси низ отворен прозорец или други отвори што постојат во станот односно зградата или се настанати поради лоша конструкција, неквалитетно изведени работи на градежната столарија, освен ако отворите настанале од луња, како и штети од дожд и други врнежи на стварите за домаќинството на слободен простор или во коли за превоз на ствари или преселување.

**2.** На ствари во градежен објект кој не бил изграден според вообичаениот начин на градење во тоа место или кој е слабо одржуван или е дотраен.

**Член 7**

**Обем на опасност од град**

Со осигурувањето се опфатени штетите од уништување, односно оштетување на осигурените ствари што се предизвикани од ударот на градот.

Опфатени се и штети од навлегување на град и дожд низ отвори настанати од паѓање на град.

**Член 8**

**Обем на опасност од провална кражба**

Со осигурување се опфатени штети од провална кражба или оштетувања на ствари причинети при провална кражба.

Провална кражба, во смисла на овие Услови, се смета кражба ако нејзиниот извршител:

**1.** Провали во заклучени простории во станот во кој се наоѓаат осигурените ствари со разбивање или обивање на врати и прозорци, односно провалување на таваници, ѕидови и подови;

**2.** Ја отвори заклучената просторија во станот со лажен клуч или со некое друго средство што не е наменето за редовно отворање;

**3.** Провали во заклучено сместувалиште во станот во кој се наоѓаат ствари, ако до сместувалиштето дошол со едно од дејствијата кои по одредбите на овој член се квалификувани како провална кражба;

**4.** Незабележано се вовлече во станот или се скрие во него и изврши кражба во време кога станот е заклучен;

**5.** Ги отвори заклучените простории во станот и сместувалиштето со вистински клучеви или со нивните дупликати, доколку до клучевите дошол со едно од дејствијата наведени во точка 1), 2), 3), 4) и 6) од овој член.

**6.** Влезе во заклучени простории во станот преку отворот кој не е за тоа определен совладувајќи пречки што оневозможуваат влегување без напор.

**7.** За провална кражба се смета кражба на ствари на балкони и лоѓии како и од станови на катови со скокање низ отворен прозор на катовите.

**8.** Осигурувачот е во обврска во случај на штети од извршената провална кражба или од обид на провална кражба да исплати надомест од осигурувањето ако во тој случај осигурените ствари се однесени, уништени или оштетени според член 19 од овие Услови со исклучок на подолу наведените ствари за кои во поглед на надоместокот се применуваат следните одредби:

- за готови пари: ако се заклучени во сместувалиште кое е нарочно обезбедено од провална кражба (вѕидани сефови, железни каси) до износ на денарска противвредност од 1.500 ЕУР. во колку не е договорен поголем износ;
- за скапоцености, накит нумизматички или филателистички збирки: ако се наоѓаат во сместувалиште што е нарочно безбедно од провална кражба (сефови, железни каси) до износот на денарска противвредност од 3.000 ЕУР:

Осигурување на поголем износ може посебно да се договори:

- за уметнички предмети: до износ од денарска противвредност од 500 ЕУР.
- за велосипед, прибор за перење и постелнина за време на перење и сушење: сместени во визба, таван и шупа со тоа да вкупната обврска на осигурувачот по еден настан изнесува до износ во денарска противвредност од 400 ЕУР.
- за ствари на домаќинство освен оние кои се наброени во потточката 4 од оваа точка: сместени во визба, таван и во шупа, ако нивната поединечна вредност изнесува во денарска противвредност од 75 ЕУР со тоа што вкупната обврска на осигурувачот по еден штетен настан да изнесува најмногу до износ на денарска противвредност од 400 ЕУР.

По исклучок, осигурувачот е во обврска да надомести штета која е настаната поради извршена или обид да се изврши провална кражба на градежни делови (ѕидови, брави и сл.) во висина на трошоците за поправка, а најмногу до износ на денарска противвредност од 400 ЕУР.

**Забелешка:** Денарската противвредност на ЕУР се смета според средниот курс на Народната Банка на Република Македонија на денот на склучување на осигурувањето.

Не се смета за провална кражба во смисла на овие Услови:

**1.** Влегување низ отворен прозорец во ниско приземје (до висина 1,60м., сметајќи од земјата до долниот раб на прозорецот);

**2.** Ако провалната кражба ја извршило лице кое живее со осигуреникот во заедничко семејно домаќинство или во кражбата учествувало како соизвршител или соучесник.

**Член 9**

**Обем на опасност од разбојништво**

Разбојништво во смисла на овие Услови, се смета одземање на осигурени ствари со примена на сила или застрашување по животот или здравјето на осигуреникот или члeновите на неговото семејно домаќинство.

За штети од разбојништво, согласно се применуваат одредбите од членот 8 точка 7 од овие Услови.

**Член 10**

**Обем на опасност од одговорност**

Осигурувањето се однесува на одговорноста на осигуреникот за штети причинети од осигурените ризици член 2 на трети лица во висина до 20% а не помалку 5% од сумата на осигурување на градежниот дел.

Осигурувањето покрива одговорност за штета за секој одделен случај до осигурениот износ од сумата на осигурување на градежниот дел.

**Член 11**

**Обем на опасноста од манифестација и демонстрација**

**(1)** Под манифестација и демонстрација, во смисла на овие Услови, се смета организирано или спонтано јавно покажување на нерасположение на група граѓани;

**(2)** Се смета дека настапил осигурен случај манифестација или демонстрација ако осигурената ствар е уништена било на кој да е начин на делување на манифестантите, односно демонстрантите (рушење, демолирање, разбивање, палење и др.).

**(3)** Група граѓани во смисла на овој член не се сметаат редовно, привремено на замена и сезонско вработени лица во организацијата (осигуреникот).

**Член 12**

**Обем на опасноста од паѓање на воздушно летало**

**(1)** Под паѓање на воздушно летало, во смисла на овие Услови, се смета паѓање на воздушно летало било од кој вид врз осигурени предмети.

**(2)** Се смета дека настапил осигурен случај паѓање на воздушно летало, ако со непосреден удар на воздушното летало или од неговите делови, како и од предмети од воздушното летало, се уништи или оштети осигурената ствар.

**Член 13**

**Обем на опасност од поплава, порои и високи води**

Поплава, во смисла на овие Услови, се смета стихијно неочекувано плавење на терен од постојани води (реки, езера и др.) поради тоа што водата се излила од коритото или провалила одбрамбени насипи или брани, како и излевање на вода поради бранови со невообичаена сила.

Со осигурувањето од поплава ќе опфатени само штетите предизвикани на осигурени ствари за време додека поплавата трае и непосредно после повлекувањето на водата.

Порој се смета стехијно неочекувано плавење на терени од водена маса која се образува на низбрдни терени поради силни атмосферски врнежи и се слива на улици и патишта.

Со осигурувањето не се опфатени штети од:

1. Габички поради влага;
2. Плавење поради излевање вода од олуци и цевки за одвод на дождовница.

**Член 14**

**Обем на опасност од излевање на вода од водоводни и канализациони цевки**

Излевање на вода од водоводни и канализациони цевки во смисла на овие Услови се смета:

1. Неочекувано излевање на вода од водоводни и канализациони цевки како и од уреди за греење на простории со топла вода и пареа, поради кршење или прскање на тие цевки,односно уреди;
2. Неочекувано излевање вода или пареа од уредите за топла вода или парно грење поради кршење, или прскање цевки, односно грејни тела (радијатори).

Штети настанати од заедничките инсталации во станбените објекти, а настанати од неосигурен стан, се надоместува на носителот на полисата.

Осигурувањето од опасност излевање на вода од водоводни и канализациони цевки опфаќа и штети на молерајот и на тапетите.

При осигурување само на стварите осигурувањето од опасност од излевање на вода од водоводни и канализациони цевки не ги опфаќа штетите на подните подлоги, молерајот и тапетите.

Со осигурувањето не се опфатени штети:

1. Од излевање на вода од апарати и уреди кои се приклучени на водоводната мрежа (машини за перење на алишта, машини за миење на садови, од дотрајани казани, бојлери и сл.);
2. Од излевање на вода од отворени славини;
3. Од габички поради влага;
4. Загуба на вода;
5. Прскање на цевки поради мраз(замрзнување) настанато на самите водоводни и канализациони цевки и уреди;
6. Настанати како последица на неодржување на водоводната и канализационата мрежа, уреди за греење со топла вода и парно греење, како и непреземање мерки за заштита од мраз од страна на осигуреникот;
7. Настанати од оштетување при манипулација врз инсталациите, замена на вентили, одзатнување и сл., од нестручни лица.

**Член 15**

**Обем на опасност од лизгање на терен**

Лизгање на терен, во смисла на овие Услови, се сметаат ненадејни геолошки движења на замјишната површина на коси терени, со јасни манифестации на кршење на површината на тлото и урнувања кои со појава на јаки деформации и широки пукнатини на градежни објекти настануваат во кус временски период.

Со осигурувањето од лизгање на терен не се опфатени:

1. Штети од геолошко лизгање ако тлото на кое се наоѓа градежниот објект веќе почнало геолошки да се лизга во моментот на склучувањето на осигурувањето:
2. Штети од лизгање на тлото предизвикани од дејност на човек (на пример: поради засекување на тлото и сл.);
3. Штети од слегување на тлото (улегнување).

**Член 16**

**Обем на опасност од одронување на земјиште**

Како одронување,во смисла на овие Услови, се подразбира откинување и уривање на парче цврст материјал како геолошка појава.

Се смета дека настанал осигурен случај од одронување на осигурени ствари само тогаш ако парче од цврст материјал што се одронило,ја удрило осигурената ствар и ја уништило или оштетило.

**Член 17**

**Обем од опасност од снежна лавина**

Под снежна лавина, во смисла на овие Услови, се смета снежна маса во движење која се откинала од планинските страни.

Со осигурувањето се опфатени и штети предизвикани од дејство на воздушниот притисок од снежната лавина.

**Член 18**

**Обем од опасност од кршење стакло**

Осигурувачот е во врска да исплати надоместок во случај на штети настанати со уништување или оштетување на прозорски стакла и стакла на врати во станот поради било која опасност на која се изложени.

Осигурувачот ги надоместува трошоците за симнување и за повторно местење на предметите кои пречат при поставување на нови стакла (на пр. заштитни решетки, засолништва од сонце и сл.)

**Член 19**

**Вредност на осигурените предмети**

Вредноста на осигурените ствари од член 1 на овие Услови се утврдува:

1. За градежниот дел на станбениот објект според големината на нето метри квадратни, квалитетот на градењето (масивна или останата градба) локалитетот и староста на објектот, а не помала од 2/3 од пазарната цена по метар квадратен;
2. За стварите во станбениот објект најмалку во висина од 30% од пазарната вредност за градежниот дел на станбениот објект;
3. Одговорноста се утврдува да 20% и не помалку на вредноста на градежниот дел на станбениот објект;
4. Трошоците за нужно сместување се утврдуваат на 3% од вредноста на градежниот дел на станбениот објект;
5. Ако осигурените ствари се потполно уништени, а осигуреникот не може да ја докаже нивната година на набавка, осигурувачот е обврзан да надомести штета најмногу до 50% од набавната вредност на новите ствари исти по вид и квалитет како уништените, но најмногу до осигурената сума, освен кај стварите од член 8 (точка 7 со потточките 1, 2 и 3).

**Забелешка**: Според видот на градбата на зградите се делат на **масивни**, ако надворешните ѕидови се изведени од камен, печена тула, бетон, бетонски блокови, костур од армиран бетон, челик обложен со огноотпорен материјал, испуна од тула, камен, бетонски блокови.

Покрив од керамиди, етернит, салонит, лим, армиран бетон со термичка и хидро изолација.

Кај **останатата** градба надворешните ѕидови се изведени од дрвен костур, челичен костур со испуна од лесни плочи (салонит, етернит) или со лесни бетонски блокови (сипорекс, хераклит) или ако надворешните ѕидови се од лесни несогорливи елементи.

Кровната конструкција дрвена или челична.

Покривот од керамиди, етернит, салонит и лим.

**Забелешка**: По овие Услови не можат да бидат осигурени објекти покриени со слама, трска, дрво и др.

**Член 20**

**Сума на осигурување**

Сумата на осигурување на предметите од член 1 на овие Услови ја одредува осигуреникот и осигурувачот и таа не може да биде помала од вредноста утврдена согласно член 19 од овие Услови.

Сумата на осигурување од став (1) на овој член се определува согласно член 5, став 1, точка 1 и 2 од Општите услови за осигурување на имоти.

Во полисата за осигурување посебно се искажуваат осигурените суми за градежниот дел, стварите, одговорноста спрема трети лица и трошоците за нужно сместување.

**Член 21**

**Место на осигурување**

Место на осигурување се смета местото означено во полисата.

Осигурувањето важи за секој осигурен стан на територијата на Република Македонија, според Одлуката за распоред на класа на заштитни мерки по градови.

**Член 22**

**Важност на договорот за осигурување**

Осигурувањето може да се склучи на време траење од една година и време траење на пет години.

**Член 23**

**Утврдување надоместок од осигурувањето**

При настанување на осигурен случај, висината на надоместокот се утврдува:

**1.** Во случај на уништување на станот, до сумата на осигурување во смисла на член 18 од овие Услови намалена за износот на проценетата амортизација и вредноста на остатоците;

**2.** Во случај на уништување на стварите во станбениот објект, до сумата на осигурување во смисла на член 18 од овие Услови, намалено за износот на проценетата амортизација и вредноста на остатоците;

**3.** Во случај на оштетување на станбениот објект, во висина на трошоците за поправка, но најмногу до сумата на осигурување;

**4.** Во случај на оштетување на стварите (делумна штета) во висина на трошоците за поправка, но најмногу до сумата на осигурената ствар;

**5.** Во случај на остварување на ризикот од провална кражба и разбојништво во висина до стварно причинетата штета, но најмногу до сумата на осигурените ствари.

**Клаузула бр.1**

За дополнително осигурување на предмети со поголема вредност од точка 1 до 5 на сума поголема од денарска противвредност на 5.000 ЕУР да се бара мислење од Бордот на директори при Уника А.Д. Скопје.

**Клаузула бр.2**

Кај дополнително осигурување на вредности поголеми од вредностите предвидени со Посебните услови за комбинирано осигурување на станови и ствари во домаќинствата, станот треба да биде обезбеден со сигурносна брава, како минимална заштита.

**Клаузула бр.3**

За станови со сума на осигурување на стварите до 30%, се врши попис само на мебелот и техничката опрема.

За станови кои се користат како деловни простории се прави попис на целокупната опрема со поединечни цени за секој предмет или група предмети.

За станови кои се ненаселени се прави задолжителен попис на стварите, односно опремата со утврдени суми на осигурување. Осигурувањето ќе се прави во пакет, со осигурување на градежниот дел и стварите.

**6.** Процентот на амортизација се утврдува по следната табела:

**Стапки на амортизација за станбените згради сопственост на граѓаните**

| Ста-рост (год) | Година на веројатно траење на зградата | | | | | | | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| | до 20 | 30 | 40 | 50 | 60 | 70 | 80 | 90 | 100 | 110 | 120+ |
| 5 | 12% | 8% | 5% | 4% | 3% | 3% | 3% | 2% | 2% | 2% | 2% |
| 10 | 30% | 18% | 12% | 10% | 8% | 6% | 5% | 5% | 4% | 4% | 3% |
| 15 | 52% | 30% | 21% | 16% | 12% | 10% | 9% | 8% | 7% | 6% | 5% |
| 20 | 80% | 44% | 30% | 22% | 18% | 14% | 12% | 11% | 10% | 8% | 8% |
| 25 | | 61% | 41% | 30% | 23% | 19% | 16% | 14% | 12% | 11% | 10% |
| 30 | | 80% | 52% | 38% | 30% | 24% | 21% | 18% | 16% | 14% | 12% |
| 35 | | | 65% | 48% | 37% | 30% | 25% | 22% | 19% | 17% | 15% |
| 40 | | | 80% | 58% | 44% | 36% | 30% | 25% | 22% | 20% | 18% |
| 45 | | | | 68% | 52% | 42% | 35% | 30% | 26% | 23% | 21% |
| 50 | | | | 80% | 61% | 48% | 41% | 34% | 30% | 26% | 23% |
| 55 | | | | | 71% | 55% | 47% | 39% | 34% | 30% | 27% |
| 60 | | | | | 80% | 64% | 52% | 44% | 38% | 34% | 30% |
| 65 | | | | | | 72% | 59% | 49% | 43% | 37% | 33% |
| 70 | | | | | | 80% | 65% | 54% | 48% | 42% | 37% |
| 75 | | | | | | | 72% | 64% | 52% | 46% | 41% |
| 80 | | | | | | | 80% | 66% | 58% | 50% | 44% |
| 85 | | | | | | | | 73% | 63% | 54% | 48% |
| 90 | | | | | | | | 80% | 68% | 59% | 52% |
| 95 | | | | | | | | | 74% | 64% | 56% |
| 100 | | | | | | | | | 80% | 70% | 61% |
| 105 | | | | | | | | | | 74% | 65% |
| 110 | | | | | | | | | | 80% | 70% |
| 115 | | | | | | | | | | | 75% |
| 120 | | | | | | | | | | | 80% |

**1)**За зградите што според оваа таблица го поминале својот веројатен век на траење се зема отпис од најмногу 80%.

**Член 24**

**Специјални ограничувања**

За одреден дел на имотот при настанување на штета, нашата обврска е лимитирана со подолу искажаните специјални ограничувања. Износот над овие специјални ограничувања не се осигурува со оваа полиса. Специјалните ограничуваа на секоја од подолу наведените категории се однесува на целиот осигурен имот.

Со специјалните ограничувања ние сме во обврска да надоместиме штета во денарска противвредност според средниот курс на Народна банка на Република Македонија и тоа:

- до 500Еур за уметнички слики и склуптури доколку поинаку не е договорено,
- до 500Еур. за поединечен предмет од следната опрема: мебел, ел.апарати и машини доколку поинаку не е договорено,
- до 250Еур. за скапоцеи предмети како: вазни, сребрени предмети,крзна,посребрени и позлатени предмети, слонова оска и предмети од слонова коска доколку поинаку не е договорено,
- до 5000Еур. за штети настанати од ризикот провална кражба и разбојнштво по штетен настан (доколку поинаку не е договорено ) и тоа:
    - 70% од надоместокот отпаѓа на предмети за уредување на станот (намештај, техничка опрема и сл спрема извршен попис приложен кон полисата),
    - 30% на предмети за лична употреба (облека ,чевли, кожна галантерија, садови и сл.).

**Член 25**

**Важност на општите услови за осигурување**

На осигурувањата склучени по овие Услови се применуваат и Општите услови за осигурување имоти доколку не се во спротивност со овие Посебни услови.